Уп. Бр.08-160/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Сцхвварз Невв Вентурес ГмбХ, со регистрирано седиште на Стифтсбергстрассе 1, 74172 Некарсулм, Германија и РВИ Вентуре ГмбХ со регистрирано седиште на Махластрассе 21, 67227, Франкентал, Германија, преку Апостолска Александровски и Партнери, Адвокатско друштво од Скопје, на седницата одржана на ден 14.12.2023 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Сцхвварз Невв Вентурес ГмбХ, со регистрирано седиште на Стифтсбергстрассе 1, 74172 Некарсулм, Германија и РВИ Вентуре ГмбХ со регистрирано седиште на Махластрассе 21, 67227, Франкентал, Германија, ќе стекнат заедничка контрола над Рогон Тецхологиес ГмбХ со регистрирано седиште на Махластрассе 21, 67227, Франкентал, Германија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на 03.11.2023 година, а дополнето на 09.11.2023, 16.11.2023 и 21.11.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна на друштвата Сцхвварз Невв Вентурес ГмбХ (во понатамошниот текст: “СНВ”), со регистрирано седиште на Стифтсбергстрассе 1, 74172 Некарсулм, Германија и РВИ Вентуре ГмбХ (во понатамошниот текст: “РВИ”) со регистрирано седиште на Махластрассе 21, 67227, Франкентал, Германија, со која ќе стекнат заедничка контрола над Рогон Тецхологиес ГмбХ (во понатамошниот текст: “Рогон”), со регистрирано седиште на Махластрассе 21, 67227, Франкентал, Германија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**СНВ** е дел од Schwarz Group, германска малопродажна групација која управува со голема мрежа на попуст супермаркети и хипермаркети низ Европа и пошироко, како што се Lidl и Kaufland. СНВ е специјализиран за идентификување, стекнување и продажба на инвестиции во претприемачки потфати низ различни индустрии.

СНВ XXX 1, но е присутно преку друштвото ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Булевар Киро Глигоров 2, Скопје, Република Северна Македонија.кое е со регистрирана дејност 47.11 – Трговија на мало.

**РВИ** е активен во стекнување, продажба и чување на инвестиции во корпорации и партнерства, како и во управување со сопствени средства.

XXX 1.

**Рогон** е активен во развојот на мобилна апликација која моментално е достапна во продавниците за апликации на Google и Apple под името "CUJU". Моментално, примарна цел на Целното Друштво е дигитализацијата на бизнисот за советување и поддршка на фудбалот. CUJU го прави достапно фудбалското знаење и им овозможува на фудбалските таленти да ги проценат своите фудбалски вештини и способности преку специфични вежби кои се оценуваат автоматски преку откривање видео и машинско учење.

XXX 1.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

XXX 1 - Податоците преставуваат деловна тајна

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**

XXX 1 - Податоците преставуваат деловна тајна